# **Финта лажно додавање**

Зборот финта потекнува од латинскиот јазик, а тоа значи мамка или лажно движење. Финтите претставуваат активност на играчите во напад, со која се менува правецот на движење со што одбранбените играчи се доведуваат во неповолна ситуација, а е со цел непречено завршување на акцијата и удар на гол. Финтите се средство кое го применуваат поединците како дел од тактиката во напад и тие во голема мера се резултат на индивидуалните способности на играчот. Финтите се изведуваат во две фази и тоа: лажна (привидна) и вистинска (извршна). Цел на лажната фаза е да се измами противникот и да ја изгуби сигурноста. Должината на оваа фаза зависи исклучиво од техничката подготвеност и од моторичко-интелектуалната способност на играчот кој ја изведува финтата. Извршната фаза, за разлика од лажната, мора да биде изненадување за противникот и во многу покус временски период.

**Методска постапка:**

1. Учениците работат сите одеднаш со лажно додавање на десна, а потоа во лева рака.
2. Во парови: Едниот е во улога на напаѓач, а другиот во улога на одбранбен играч. Напаѓачот изведува финта и настојува да го извади од рамнотежа одбранбениот играч и да го помине.
3. Примена на финта лажно додавање во игра на еден гол.